**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**Уп1 Бр.** 03-342

20.06. **2016 година**

**С к о п ј е**

Врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.10-3197/1 од 15.06.2016 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради не обезбедување на информации достапни за корисниците, од страна на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, Директорот на Агенцијата го донесе следното:

**Решение**
**за преземање мерка - опомена**

1. СЕ ОПОМЕНУВА Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, заради извршена повреда на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14 101/14 и 132/14), а казнива по член 148 став 1 точка 5 и став 2 од истиот Закон, на начин што телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, на 1 јуни 2016 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3197/1 од 15.06.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно.

**О б р а з л о ж е н и е**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со условите утврдени со Законот за медиуми, Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и прописите донесени врз основа на него.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

презема мерки согласно со овој Закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и на условите и обврските од дозволите.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги преку Секторот за програмски работи - Одделението за програмски и административен надзор, на 15 јуни 2016 година, изврши редовен административен надзор на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 јуни 2016 година, на регионално ниво (Д6-Мали Влај) при што констатираше дека радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга, податоци за контакт (телефонски број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт) и за надлежното регулаторно тело.

Повредата од точка 1 став 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3197/1 од 15.06.2016 година, кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20 став 1 алинеи 1 и 8, а во врска со член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор, бр.10-3197/1 од 15.06.2016 година, поради констатирано непочитување на одредба од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, утврдено во точка 1 на ова Решение, директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, донесе решение, со кое кон ТРД РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, се презема мерка – опомена и со кое на радиодифузерот му наложи, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, бр.10-3197/1 од 15.06.2016 година.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје;
- Управителот на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје;
- Одговорното лице на програмата во правното лице;
- Секторот за правни и економско-финансиски работи;
- Секторот за програмски работи;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), се доставува


Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

Примено: 15.06.2016

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 3197 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** редовен

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје.

3. **Период опфатен со надзорот:** 1 јуни 2016 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 15 јуни 2016 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 14 од Законот за медиуми** (Импресум)
   - **Член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Информации достапни за корисниците)
   - **Член 97 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (Идентификација на радиодифузер)

6. **Претходно изречена мерка:** нема

7. **Констатации од надзорот:**

Со редовниот административен надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 јуни 2016 година, на регионално ниво (Д6-Мали Влај), **е констатирано прекршување на членот 51 став 1** од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Радиодифузерот не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците, односно не им овозможи на своите корисници, лесен, директен и постојан пристап најмалку до следниве податоци: полното име на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; адресата на седиштето на давателот на аудиовизуелната медиумска услуга; податоци за контакт (телефонски

број, адресата на електронската пошта и/или веб страница, контакт лице за брзо, директно и ефикасно стапување во контакт); и за надлежното регулаторно тело.

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 51 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, емитуван на 1 јуни 2016 година, не ги обезбеди информациите што треба да им се направат достапни на корисниците.

## 9. Предлог мерка:

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене Трговското радиодифузно друштво РЕГИОНАЛНА ТВ О2 ДООЕЛ Скопје, и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и
- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***